# НЕОГРАНИЧЕНАТА МОЌ НА ПРЕДАВАЊЕТО

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“Surrender’s Unlimited Power” by Sri Chinmoy
Copyright © 1974 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Неограничената моќ на предавањето“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-584

ЧИНМОЈ, Шри
Неограничената моќ на предавањето / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 52, [5] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: Surrender’s Unlimited Power / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [55-57]

ISBN 978-608-4894-12-4

а) Духовен живот - Шри Чинмој (1931-2007)
COBISS.MK-ID 111584522

СОДРЖИНА

Што всушност значи предаденоста? .................. 5
Неопходноста од предаденост ........................... 7
Божјата Милост и предаденоста ........................ 14
Личниот напор и Божјата Милост ....................... 16
Предаденоста и моќта на волјата ...................... 18
Човечка предаденост,
Божествена предаденост .............................. 20
Предаденост во медитација ...................... 22
Љубов, посветеност и предаденост ................. 24
Предаденоста и чакрите .................................... 29
Разбирање на Учителот ..................................... 33
Волјата на Севишниот ....................................... 35
Радост во предаденоста ..................................... 40
Целосната предаденост
и реализацијата ............................................. 42
Безусловна предаденост .................................... 45
Силата на предаденоста ..................................... 47

## Што всушност значи предаденоста?

Веднаш штом ќе влеземе во морето, ја доживуваме свеста на самото море. Можеби ќе пливаме само на едно одредено место, но свеста на пространото море станува наша. Во духовната предаденост конечното свесно влегува во Бесконечното. Без предаденоста нема да дознаеме дека сме бесконечни, вечни и бесмртни. Предаденоста значи станување едно, неразделно едно со нашиот бесконечен, вечен, бесмртен живот. Предаденоста значи свесно да се стане едно со нашето вистинско Сопство, нашето бескрајно Сопство. Кога се предаваме, стануваме едно со бескрајната Вечност, која е наше наследно право. Тогаш не ја губиме нашата сопствена конечна индивидуалност, туку исто така стануваме сопственикот на божествената Бесконечност. Нашата несовршена природа станува целосно едно со нашата совршена природа. Предаденоста е наше постигнување, наше исполнување.

„Предаденост" е многу значаен и душевен збор во животот на тој што тежнее. Ајде да не си играме со зборот „предаденост". Можеме да го користиме зборот зима - лето, но кога ќе дојде

самиот момент на предавање, подготвени сме на сè, освен на предавање. Тешкотијата е едно нешто; невозможноста е нешто друго. За тој што тежнее е невозможно да се предаде, освен ако не го разбере значењето на предаденоста и е внимателен да не ја осквернави апсолутната чистота на предаденоста.

Човечката предаденост е предаденоста на робот на господарот. Тој вид на предаденост нè шокира бидејќи е под нашата чест. Робот го задоволува господарот од страв, а не од љубов. Во обичната човечка предаденост ја губиме нашата личност и нашата индивидуалност. Кога велиме: „Ти се предавам.“ - постои голема можност дека личноста на која ѝ се предаваме, ќе господари со нас. Кога ќе ни каже: „Стани.“ - ќе мораме да станеме. Ако ни каже: „Седни.“ - ќе мораме да седнеме. Чувствуваме дека сме пред стапалата на таа личност.

Но духовната предаденост е многу поразлична. Таа не е предаденоста на робот на господарот. Не, таа е нашето апсолутно единство со нашиот сопствен највисок дел, со Севишниот. Не му се предаваме на никој друг, освен на самите себе. Кога нашиот Учител стои пред нас и ни се поклонува со склопени раце, на кого му

се поклонува? Му се поклонува на Севишниот во нас. А кога ние со склопени раце му се поклонуваме на Учителот, му се поклонуваме на Севишниот во него. Неговото Највисоко и нашето Највисоко никогаш не може да бидат две различни нешта; тие се истото.

За да го разбереме вистинското значење на предаденоста, мора да запомниме дека таа мора да биде постојана и безусловна. Во моментот кога ќе го прашаме Севишниот за значењето на Неговата Волја или за мотивот зад Неговата Постапка, нема предаденост. Во вистинската предаденост не прашуваме што или зошто. Предаденоста значи да се скокне во морето на непознатото. Денес се наоѓаме себе во морето на неспознатливото; утре во морето на непознатото; задутре во морето на познатото. Следниот ден сме станале неспознатливото, непознатото и познатото, сè тоа во исто време.

## Неопходноста од предаденост

Како може да се предадеме на Волјата на Бог? Прво, ајде да се запрашаме дали можеме

да постигнеме нешто значајно ако не ја следиме Волјата на Бог. Можеме да бидеме среќни ако не се предаваме на Божјата Волја? Одговорот е не! Не можеме да бидеме среќни без предавање на Божјата Волја. Зошто се предаваме на Божјата Волја? Ќе се предадеме на Бог само заради тоа што сме беспомошни? Ако сме многу искрени, мора да одговориме „Не!“ Нема да се предадеме на Бог затоа што сме беспомошни или бидејќи Бог нè прави да се чувствуваме беспомошни. Ќе ја предадеме нашата волја на Божјата Волја само заради една причина – затоа што сакаме задоволство. Кога се предаваме, ја празниме целата наша нечистотија во Бог, а Тој ја заменува со Неговата Чистота и Неговата Божественост.

Потоа ќе дојде време во нашиот духовен живот кога сфаќаме дека не сме задоволни со тоа што го имаме, било тоа да е материјално задоволство, внатрешно задоволство или со тоа што сме. Тогаш сме подготвени за предаденост. Како се предаваме? Тоа е многу лесно. Кога ја чувствуваме потребата за предаденост, автоматски доаѓаат начините. Ако очајнички ни треба предаденост, ако го чувствуваме внатрешниот порив на душата и ако целото наше битие сака да се предаде на Божјата Волја, тогаш автоматски

ќе ни биде даденоповеќе од неопходната способност, уверување, сомилост и светлина од горе и однатре. Значи предаденоста на Божјата Волја целосно зависи од нашата неопходност. Ако чувствуваме дека нашиот живот е безначаен, дека нема да бидеме задоволни или исполнети ако не го предадеме нашето земско постоење на Божјата Волја, тогаш предавањето ќе биде возможно за нас.

Пораката на Христос беше: „Нека биде Волјата Твоја.“ Синот кажа дека сите сме Божји деца и дека Божјата Волја мора да биде задоволена. Тоа за што зборува Библијата се повторува во нашата порака за предаденоста. Нашата филозофија ја кажува истото нешто, но во различна форма. Сите духовни Учители дојдоа на светот со една порака - предавање на индивидуалната волја на Волјата на Севишниот. Уште од дамнешни времиња Учителите ни кажуваат дека мора да го сакаме Бог и дека внатре во Бог мора да го видиме и сакаме човештвото; само тогаш ќе биде возможна вистинската предаденост.

Сите вистини се исти. Вистината не е ничиј монопол. Пред Христос беше Господ Рама, беше Шри Кришна и беше Господ Буда. Тие

исто така зборуваа за љубовта, посветеноста и предаденоста. Сè за љубовта, посветеноста и предаденоста е напишано во Багават Гита. Кога Шри Кришна стана едно со Бог, му рече на Арџуна, неговиот најмил ученик: „Предај ми сè мене.“ Христос исто така кажа: „Предај се. Нека Волјата на Семоќниот Татко биде исполнета.“ Исто така можеме да ја видиме сомилоста на Господ Буда и што направи за човештвото. Беше подготвен да го жртвува неговиот живот само за една малечка птица. Целиот беше сомилост и љубов. Шри Рамакришна беше секогаш љубов - љубов за Мајка, љубов за Вистината.

Пред да се подготвиме себе за предаденост, мора да добиеме способност за љубов и посветеност. Ако не чувствуваме љубов и посветеност, тогаш која е неопходноста од предаденоста? Има нешто што може да нè натера да се предадеме некому? Не! Се предаваме само заради нашата љубов, заради нашата посветеност. Бог никогаш нема да нè тера на предаденост; ние сме тие што треба да ја почувствуваме неопходноста од предаденоста бидејќи сакаме да го сакаме Бог и да се посветиме себе на Бог во секоја секунда.

Дури и во обичниот живот, кога сакаме некого, што правиме? Само затоа што ја сакаме таа личност, радосно ѝ се предаваме, дури и ако е неука личност. Ако навистина сакам некого, тогаш мора да ѝ го посветам мојот живот и целото мое битие на таа личност. Исто така и во духовниот живот, ако навистина го сакаме Бог, кој е целиот Светлина и бескрајна Мудрост, тогаш мора да се посветиме себе на внатрешниот живот, на Бог. Ќе чувствуваме дека без вистински да се посветиме себе на Бог, невозможно е да се сака Бог. Затоа љубовта и посветеноста мора секогаш да одат заедно.

Кога чувствуваме дека сакањето на Севишниот и посветувањето на Севишниот не е доволно, тогаш сме подготвени да се предадеме на Волјата на Севишниот. Кога се посветуваме себе на нешто или некого, може да имаме амбиција или копнеж за личен начин на добивање на Вистината. Некои ќе му кажат на Севишниот: „Ова го правам за Тебе, целиот мој живот го посветив на Тебе и очекувам да ми дадеш нешто за возврат.“ Ова е сосема природно; но во највисокиот духовен живот тоа е погрешно. Другите ќе кажат: „Ќе му го дадам тоа што го имам и тоа што сум на Бог. Ако на Бог не му се

допаѓам или не ме сака, тогаш може и ништо да не ми даде, тоа е до Него. Моја должност е да му служам со тоа што го имам и со тоа што сум; Негова Должност е да ми даде или да не ми даде; да ме употребува или да не ме употребува. Сè што ми треба за да се задоволам себе, Бог ќе ми даде. Ако има нешто друго на памет за мојот живот, ќе го направам тоа. Нека биде Волјата Твоја.“ Вистинскиот трагач ќе се обиде да го задоволи Бог на Божји сопствен Начин. Вистинскиот трагач ќе каже дека дури и ако Бог сака тој да остане во морето на незнаењето, ќе остане. Тоа се нарекува предаденост.

Предаденоста е погрешно разбрана во западниот свет. Треба да бидеме многу внимателни кога го користиме зборот „предаденост“. Западниот свет е свет на слобода и никој не сака да биде нечиј роб. Но духовната предаденост не вели дека сме робови; вели дека сме Божји деца - дека сме дел од Божјата сопствена Реалност. Во вистинската предаденост не го предаваме нашето постоење на човечко битие или на човечка личност. Не! Го предаваме нашето постоење на бескрајната Волја во личноста која ја нарекуваме наш учител. Додека малата капка останува одвоена од бескрајниот океан, таа е

само мала капка, но во моментот кога ќе влезе во моќниот океан, станува самиот океан. Малата капка ќе се плаши од океанот ако ја одржува нејзината индивидуалност. Ќе рече: „Океанот е толку простран; целосно ќе се изгубам таму.“ Но ако малата капка има малку интелигенција, ќе рече: „Ако влезам во моќниот океан, тогаш ќе станам океанот.“ А штом ќе влезе во океанот, ќе го добие крајното задоволство.

Извадок од „Неограничената моќ на предавањето“
www.knigi.mk